# ЈАВЕН ПОВИК

**ЗА ИЗБОР НА ЕКСПЕРТ/КА ЗА РАЗВОЈ НА „СЕОПФАТЕН ТРЕНИНГ-МОДУЛ ЗА САМОИДЕНТИФИКУВАНИ СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ/ЧКИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ, ПРИЈАВУВАЊЕ И ОДГОВОР НА СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ“**

## 1. Објавувач на повикот

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, на ден 21.11.2025 година, објавува **Јавен повик за избор на експерт/ка за развој на сеопфатен тренинг-модул за самоидентификувани сексуални работници/чки за препознавање, пријавување и одговор на сексуално насилство и трговија со луѓе** со цел да се обезбеди функционален, контекстуално релевантен и практично употреблив едукативен ресурс за самоидентификувани сексуални работници, кој ќе овозможи унапредување на нивната безбедност, информираност, пристап до поддршка и капацитети за самозаштита.

Овој ангажман се реализира во рамки на проектот „Самоидентификувани сексуални работници во борба против сексуално насилство и трговија со жени и девојки“ поддржан од UN Trust Fund to End Violence against Women. Крајната цел на проектот е самоидентификуваните сексуални работници во Северна Македонија кои се жртви на или се изложени на ризик од сексуално насилство, експлоатација и трговија со луѓе, да имаат поголема слобода на дејствување, безбедност и пристап до правда.

Повеќе за проектот може да прочитате на следниов линк: Самоидентификувани сексуални работници во борба против сексуалното насилство и трговијата со жени и девојки

## 2. Цел на ангажманот

Целта на ангажманот е да се развие специјализиран, сеопфатен тренинг-модул наменет за лица кои се самоидентификуваат како сексуални работници/чки. Модулот треба да обезбеди практични знаења, алатки и ресурси за препознавање, пријавување и одговор на сексуално насилство и трговија со луѓе, со цел јакнење на безбедноста, самозаштитата и пристапот до поддршка.

## 3. Опис на задачите

Ангажираниот/ната експерт/ка ќе биде задолжен/а да:

1. **Развие сеопфатен тренинг модул со структура, содржина, сесии, активности и материјали кој опфаќа:**

•препознавање на ризични ситуации, форми на сексуално насилство и индикатори за трговија со луѓе;
•постапки за безбедно пријавување и достапни служби за поддршка;
•стратегија за самозаштита и реакција во итни ситуации;
•информации за законската рамка и правата на сексуалните работници;
•информации за законската рамка која третира трговија со луѓе и заштита на жртви;
•ресурси и механизми за упатување.

2. **Изработка на практични алатки и материјали кои опфаќаат**:
   •придружни материјали потребни за спроведување на обука (алатки за самопроценка на знаење, презентации, сценарија за вежби, список на релевантни сервиси, листа на учесници)

3. **Подготовка на финален извештај кој опфаќа:**
   •наративен опис на процесот на развој на задачите од точка 1 и 2 и препораки за понатамошна употреба и унапредување.

Во развојот на тренинг модулот и практичните алатки и материјали, експертот/ката треба да осигура дека истите се контекстуално релевантни, засновани на локалните услови, институционалните бариери и специфичностите на сексуалната работа, прилагодени на јазик разбирлив за различните нивоа на формално образование.

## 4. Период на реализација

Ангажманот ќе се реализира во периодот од **05.12.2025** до **25.12.2025 година** а ќе ги опфати сите активности наведени под точки 1 до 3 од описот на задачите.

## 5. Финансиска понуда

Кандидат(к)ите, за ангажманот треба да достават финансиска понуда во бруто износ, изразена во американски долари (USD).

## 6. Критериуми за избор

- Најмалку 3 години искуство во развој на едукативни програми, тренинг-модули, материјали, и/или прирачници;
- Силно познавање на темите сексуално насилство, родово-базирано насилство и трговија со луѓе;
- Познавање на контекстот на сексуалната работа, трговијата со луѓе, ранливи заедници и правната рамка;

- Квалитет на предлог програма/методологија за работа;
- Портфолио/референца од изработени едукативни програми, тренинг-модули, материјали, и/или прирачници;
- Економски најповолна понуда.

**Предност ќе имаат кандидати со:**

- Искуство со работа и/или познавање на правата и потребите на сексуалните работници/чки и други маргинализирани заедници во Република Северна Македонија.

## 7. Склучување договор

Здружението ќе именува Комисија за евалуација и избор најдоцна во рок од 3 (три) работни дена по завршување на повикот. Со избраниот експерт/ка, здружението ќе склучи договор за повремен ангажман. Условите за ангажманот ќе бидат дополнително усогласени во договор помеѓу двете страни. Доколку комисијата не спроведе избор, јавниот повик може да биде продолжен.

## 8. Потребни документи за аплицирање

- Кратко мотивациско писмо;
- Професионална биографија (CV);
- Предлог програма/методологија за изработка на сеопфатниот тренинг-модул;
- Портфолио/референца од изработени едукативни програми, тренинг-модули, материјали, и/или прирачници.
- Финансиска понуда изразена во бруто износ во американски долари (USD).

## 9. Начин и рок за аплицирање

Документите треба да се достават со назнака:
**Јавен повик – Експерт/ка за изработка на сеопфатен тренинг модул** на следната електронска адреса:star.contact@yahoo.com

Краен рок за аплицирање: **28.11.2025 година,16:00 часот**.
Нецелосни апликации и пријави доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат. Избраниот кандидат/ка ќе биде известен/а по електронски пат, најдоцна до 03.12.2025 година.

**Број 03-164/2**
**Скопје, 21.11.2025 г.**